# ПРОПОЗИЦИИ

## За 40. Државен фестивал на непрофесионален филм КИЧЕВО 2011

Фестивалот ќе се одржи од 20-21.05. 2011 година во Кичево.

## Организатори

Кино сојуз на Македонија
Народна техника на Македонија
Народна техника - Кичево
Спомен дом на култура "Кочо Рацин" Кичево

## Услови за учество

Право на учество имаат сите филмски автори од Република Македонија, членови на клубови, самостојни автори или групи.

На фестивалот можат да бидат пријавени филмски остварувања на DVD.

Пријавените филмови можат да бидат од следните жанрови:
**Документарен филм**
**Краток игран филм**
**Експериментален филм**
**Анимиран - цртан филм**
**Едноминутен филм** - краток филм од било кој жанр, освен музички и рекламен спот во траење до 60 секунди

Филмови кои учествувале во официјална конкуренција на изминатите државни фестивали нема да бидат земени предвид за учество на фестивалот.

## Пријави

Секој автор што испраќа филм за учество на фестивалот треба да пополни пријава, да го прегледа филмот и неговата техничка исправност.
Филмот треба да биде опремен со шпица на која точно се назначени авторите и другите соработници во филмот.
Шпицата да биде на македонски јазик и на еден од трите официјални јазици на UNICA (англиски, германски, француски)
Секој автор или клуб има право да испрати неограничен број на филмови.

Важно: **Секој филм треба да биде снимен на посебно DVD и да биде спакуван во соодветна опаковка**
Ве молиме пријавите да бидат целосно пополнети.

Краен рок за прием на филмовите е 10. 05. 2011 година, а се доставуваат на адреса:

Кино сојуз на Македонија
П.фах 14
1000 Скопје
Тел. 02 3238 357

## Жирирање

Жирирањето ќе се изврши на **12. 05. 2011** година во Скопје.
Сите пристигнати филмови ќе бидат прегледани од стручно жири.
Технички неисправните филмови нема да бидат земени предвид за жирирање.
Жирито ќе работи по правилникот за фестивали и ревии на Кино сојузот на Македонија.
Жирито донесува конечна одлука за наградите.
Жирито прави селекција која ќе биде прикажана на фестивалот на UNICA.

## Награди и признанија

На фестивалот ќе се доделат награди предвидени според Правилникот на КСМ за организирање на фестивали и ревии.

## Завршни одредби

Со цел да се сочува аматерската филмска продукција филмовите снимени на ДВД ќе останат во КСМ доколку авторот не нагласи во пријавата барање за враќање на филмот.

Поради тоа што дел од филмовитеќе ја претстевуваат Република Македонија на Светскиот фестивал UNICA 2011, Ве молиме филмовите да бидат спакувани во соодветно дизајнирани опаковки на кои што ќе бидат напишани основните податоци за филмот и авторите.

| Пријава за учество на 40. Државен фестивал на непрофесионален филм "Кичево 2011" | |
|---|---|
| Наслов на филмот: | |
| Автор: | |
| Категорија: | |
| Технички карактеристики: | |
| Времетраење: | |
| Тон: | |
| Сценарио: | |
| Режија: | |
| Камера: | |
| Монтажа: | |
| Клуб / Самостоен автор: | |
| Адреса за враќање на филмот: | |

Ве молиме пријавите да бидат целосно пополнети

✂ ✂ ✂ ✂ ✂

| Пријава за учество на 40. Државен фестивал на непрофесионален филм " Кичево 2011" | |
|---|---|
| Наслов на филмот: | |
| Автор: | |
| Категорија: | |
| Технички карактеристики: | |
| Времетраење: | |
| Тон: | |
| Сценарио: | |
| Режија: | |
| Камера: | |
| Монтажа: | |
| Клуб / Самостоен автор: | |
| Адреса за враќање на филмот: | |

Ве молиме пријавите да бидат целосно пополнети